Драги читатели,

2001 година беше година во која и покрај извонредно тешките услови за работа и воената состојба, како и усложнување на условите за работа, Царинската управа ја исполни проекцијата која беше предложена и зацртана од страна на Министерството за финансии. И покрај нападите од страна на одредени медиуми, Царинската управа изнајде начин и во такви услови да работи успешно, а знаеме дека еден дел од територијата на Република Македонија не беше под јурисдикција на македонските власти, па така по напад и притворање на двајца работници на граничниот премин Јажинце, тој премин не можеше да функционира. Имаше напади со помал интензитет и на граничниот премин Блаце, како и еден вооружен напад на граничниот премин Табановце. Исто така и во одредени внатрешни царински испостави им беше оневозможено, односно отежнато функционирањето, како што се Царинската испостава Тетово и Куманово.

Во оваа состојба не треба да се заборави зголеменото учество на преференцијалниот увоз во вкупниот увоз кој учествуваше со околу 65%, со истовремено намалување на вредноста на вкупниот увоз.

2001 година постагнати се повеќе значајни резултати на полето на хармонизацијата на нашето законодавство со законодавството на Европската Унија, како и напорите за соочување со предизвикот на постојаните промени во меѓународната трговија. Како најзначаен резултат мора да се спомене успешната примена на Времената Спогодба за трговија и трговски прашања помеѓу Република Македонија и Европската Заедница, која почна да се применува од 1 Јуни 2001 година.

Со оваа порака, ми причинува особено задоволство да ја поделам со Вас гордоста и ентузијазмот покажани од сите царински работници, низ нивниот придонес за економски просперитет и заштита на општеството, а преку институцијата која оваа година бележи една деценија успешно опстојување, работа и нагорна линија на постигнатите успеси и резултати.

Драган Даравелски

Директор

**ОСТВАРУВАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ**

**ПРИХОДИ**

Понатамошниот тренд на либерализација на надворешно трговското работење, како резултат на стапувањето во сила на Времената спогодба за трговија и трговски прашања помеѓу Република Македонија и Европската Унија продолжи и во 2001 година. Така на пример, просечната непондерирана царинска стапка во 2001 година изнесуваше ?, додека просечната пондерирана царинска стапка изнесуваше?. Како резултат на влошената политичко-безбедносна ситуација дојде и до влошување на економската ситуација која резултираше со намалување на вредноста на увозот.

Во вкупниот увоз, преференцијалниот увоз (Словенија, Југославија, Хрватска, Бугарија, Турција, Европска Унија) учествуваше со повеќе од 60% како резултат на склучените договори за слободна трговија. Имајќи ги во вид сите овие околности на општо намалување на висината на царинските стапки, како резултат на измените на Законот за царинска тарифа и бесцаринскиот преференцијален увоз, Царинската управа на Република Македонија во 2001 година на име царина во Буџетот уплати средства во висина од 6,17 милијарди денари. Во 2001 година Царинската управа на име данок и акциза има собрано 16,25 милијарди денари.

Намалениот приход во 2001 година во однос на 2000 година е резултат на општиот тренд на глобално растеретување на стопанството (пониски стапки на царина како резултат на примената на новиот Закон за царинска тарифа, Договорите за слободна трговија), извозното стимулирање на стопанството (уредба за повраќај на платената царина за суровини и репроматерјали. При вакви услови, сепак висината на просечната пондерирана царинска стапка во 2001 година е задржана на исто ниво како и во 2000 година и изнесува околу?.




Остварени приходи од царина во периодот 1992-2002 година во милијарди денери

По овие основи, Царинската управа досега има постигнато многу добри резултати, ги има остварено предвидените проекции, иако во последните неколку години сме сведоци на голема нестабилност на регионот врз основа на што доаѓа до паѓање на стандардот и платежната моќ, како и отежнато одвивање на транспортот и трговијата.

# ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ОД ЦАРИНА ВО МИЛИЈАРДИ ДЕНАРИ

| Година | Приходи од царина (милијарди денари) |
|---|---|
| 1992 | 1 |
| 1993 | 3 |
| 1194 | 5.4 |
| 1995 | 6.8 |
| 1996 | 6.6 |
| 1997 | 5.7 |
| 1998 | 6.85 |
| 1999 | 8.27 |
| 2000 | 7.75 |
| 2001 | 6.17 |

## ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ - БРОЈ НА ДЕКЛАРАЦИИ

| | 2001 | 2000 | Индекс |
|---|---|---|---|
| **Царинарница Скопје** | 142.897 | 170.493 | **119** |
| **Царинарница Куманово** | 60.250 | 58.052 | **96** |
| **Царинарница Гевгелија** | 49.319 | 51.289 | **96** |
| **Царинарница Битола** | 28.556 | 30.000 | **95** |
| **Царинарница Штип** | 14.709 | 17.779 | **83** |
| **ВКУПНО** | **295.731** | **327.613** | **90** |

## "ЦАРИНИК" - ПРЕДИЗВИК ЗА УСПЕШНО ЦАРИНСКО РАБОТЕЊЕ

Идејата за стручно списание во областа на царините и надворешно трговско работење е дамнешна желба на вработените во Царинската управа. Списанието "ЦАРИНИК" е прв обид на вработените во Царинската управа за зголемување на ефикасноста во работењето и постигнување на униформност во царинската постапка.

"ЦАРИНИК" е списание кое обработува многу интересни теми поврзани со секојдневното царинско и надворешно трговско работење. Покрај постојаните прилози со текстови за царинската тарифа, вредноста и потеклото на стоките, во списанието има многу прилози со текстови за најновите измени на Хармонизираниот Систем. Понатаму, постојани прилози има за областа на царинскиот систем и постапки (увоз, извоз, транзит) како и прашања за царинско-управна постапка и судска практика.

Основна цел на издавањето на списанието "ЦАРИНИК" е зголемување на транспарентноста во царинското работење и подигнување на степенот на униформност и воедначеност во царинската постапка. 21 век е век на информационо општество и навремените информации се мошне важен предуслов за квалитетно царинско работење. Од тој аспект во списанието покрај многу бројните информации од постојаните прилози воведена е рубрика "Прашања и одговори", во која сите учесници во царинската постапка ќе може да поставуваат прашања за сите области од секојдневното работење. Целта на списанието е да постане отворен форум за размена на информации.

Списанието "ЦАРИНИК" ќе има клучна улога во зголемување на транспарентноста во работењето на царинската служба и подигање на степенот на информираност на вработените во Царинската управа, како и на сите учесници во царинската постапка. Со тоа на индиректен начин ќе биде постигната една од целите на Програма за реформа и модернизација во царинската служба.

## ЦАРИНСКАТА ТАРИФА - ЗАЕДНИЧКИ ЈАЗИК НА МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА

Целите на Службата за царинска тарифа, кои произлегуваат од стратегијата и целите на Царинската управа на Република Македонија се:

- **Хармонизација и еднообразна примена на Законот на царинска тарифа** со Хармонизираниот систем на Светската Царинска Организација и Комбинираната номенклатура на Европската Унија;

- Постигнување на повисок степен на **ефикасност и ефективност** во постапката на издавање на уверенија, согласно **Правилникот за начинот на издавање и употреба на уверенија за распоредување на стоки според царинската тарифа (Сл.весник на Република Македонија бр.17/00)**;
- Интезивна соработка со Царинарниците во однос на издавање на инструкции за еднообразна примена на Законот за царинска тарифа на целокупното подрачје на Република Македонија;
- Активно учество во проекти на работни групи на соодветни министерства, а од областа на царинската тарифа.

Една од најзначајните активности во 2001 година беше активното учество на службата во изготвувањето на Законот за изменување на Законот за царинска тарифа чиј носител беше Министерството за финансии во соработка со другите ресорни министерства.

Измените на Законот се состоеа во прифаќање на амандманските Препораки на Светската Царинска Организација, донесени на 25 јуни 1999 година, а кои стапија во сила на 1 јануари 2002 година, како и усогласување на Царинската номенклатура со Комбинираната номенклатура на Европската Унија (Службен весник на ЕУ бр. 279/01).

Во врска со подготовките за имплементација на измените на Законот за царинска тарифа службата изготви корелациони таблици за тарифните ознаки 2001/2002 во вид на прирачник, со цел олеснување при распоредување на стоките.

Исто така службата со свои претставници учествуваше во изготвувањето на Предлог царинска тарифа за преговорите за пристапување на Република Македонија во Светската Трговска Организација. Службата за царинска тарифа активно учествуваше и во изготвувањето на измените на Царинскиот закон, во делот за царинската тарифа.

Основната активност за правилно распоредување на стоките и еднообразната примена на Хармонизираниот систем, службата ја реализира со постапката на издавање уверенија за распоредување на стоките, а по барање на заинтересирани правни и физички лица.

Во 2001 година издадени се 61 уверение за распоредување на стоки според Хармонизираниот Систем. Бројот на поднесени барања е во постојан пораст, како резултат на се поголема потреба од правилно распоредување на нови производи, согласно Царинската тарифа. Исто така,Службата за царинска тарифа издаде повеќе мислења за распоредување на стока до соодветни министерства.

Во оваа смисла беше и директното учество на службата во работната група во Министерството за економија, која работеше на измени на тар. ознаки во анексите на Спогодбите за слободна трговија што Република Македонија ги има склучено со Бугарија, Хрватска, Словенија, Југославија,Турција и Европската Заедница.

Во функција на ажурирање, унапредување и еднообразна примена на Хармонизираниот Систем, службата перманентно ги следи одлуките, мислењата и амандманите донесени од Комитетот за Хармонизиран систем при Светската Царинска Организација. Врз основа на усвоените Одлуки од Комитетот, како и врз основа на издадени уверенија, редовно се изготвуваат упатства за правилно распоредување на стоките до Царинарниците.

Во текот на 2001 година, се изврши редовна контрола и проверка со користење на расположивите податоци во ASYCUDA. При утврдување на неправилно распоредување покрената е постапка за дополнителна наплата на царинските давачки. Така, поопсежни проверки беа спроведени во однос на

правилното спроведување на Времената Спогодба за трговија и трговски прашања помеѓу Република Македонија и Европските Заедници.

## ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА - ЗА ПРАВИЛНО РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ И ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Во 2001 година Царинската лабораторија, анализите за составот и квалитетот на производите ги извршуваше користејќи услуги од расположливите лаборатории при институтите и производните лаборатории, консултации со стручни лица од одредени области, како и техничка документација за увезените стоки.

Во царинската лабораторија беа пристигнати 986 предмети од кои во други институции анализирани се 481. Од вкупниот број примени предмети изработени се 803 анализи, од кои во 250 анализи се покажа потреба за менување на тарифниот број, а 553 анализи покажаа дека нема потреба да се менува тарифниот број.

Доставените мостри за анализа главно беа од областа на прехрамбената, петрохемиската индустрија, пластика, хартија, дел од хемиската, текстилната индустрија и металургијата.

За реализирање на користени се контактите и доставени се барања за анализа со мостра до Хемискиот институт, Ветеринарниот институт, Маникс-М, Републичкиот завод за здравствена заштита, Рудници и Железарница Техничка контрола, Каргоинспект, Макконтрол.

Во 2001 година изработена е информација за квантитетот на годишно доставени проби за анализа во Царинската лабораторија и методи со параметри кои треба да се испитаат. Од нив 132 доставени проби се за анализа на масти и масла од растително и животинско потекло и нивни производи, 120 доставени проби за млеко и млечни производи, пире и концентрати за сокови, шеќери, производи од соја, протеини, производи на мелничката индустрија, месо, зрнести производи, сокови, кафе, производи што содржат какао, 98 за минерални масла и производи од нивна дестилација, 86 за полимери, 45 за анализи за хартија и картон, и останатите за прости метали, текстил, органски површински активни материи, органски и неоргански хемикалии, ѓубрива, каучук.

Изготвен е АБВ-линк, годишен извештај за извршените анализи во 2001 година.

## ЦАРИНСКАТА ВРЕДНОСТ - ОСНОВА ЗА ПРАВИЛНА НАПЛАТА НА ЦАРИНАТА, ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ И АКЦИЗАТА

### Активности поврзани со пристапот на Република Македонија во СТО

Во текот на 2001 година, од страна на Службата одговорено е на прашањата на одделни земји членки на Светската Трговска Организација од областа на царинската вредност. Исто така, за потребите на Светската Трговска Организација, изработен е превод на англиски јазик на дел од Царинскиот закон кој се однесува на царинската вредност на стоката како и на Правилникот за посебни правила и начинот на определување на царинската вредност.

Изработена е опсежна студија во однос на забелешките од страна на Светската Трговска Организација на текстот на законот и правилникот, со тоа што за некои членови е прифатена обврска да бидат изменети.

### Предлог за измена на Царинскиот закон

Заради обврските прифатени во преговорите за членство во Светската Трговска Организација, на крајот на 2001 година од страна на Службата изработен е предлог текст кој треба да го замени текстот на Царинскиот закон кој се однесува

на утврдување на царинската вредноста на стоката, усогласен со Договорот за имплементација на член 7 од ГАТТ-1994 и законодавството на Европската Унија.

### Изработени упатства / инструкции / акти

Службата за царинска вредност, со цел да обезбеди правилна и униформна примена на одредбите за царинска вредност, во текот на 2001 година од областа на царинската вредност ги изработи следниве упатства/инструкци/акти:

- Вклучување на транспортни трошоци во царинската вредност;
- Упатство за дополнителна проверка на странски фактури и друга странска документација за потврда на царинската вредност на стоката.

### Евиденција на комуникација со странските царински органи

Во текот на 2001 година, евиденцијата за комуникација со странските царински органи е внесена во електронска форма. Испратени се на проверка до странски царински органи вкупно 54 предмети, за кои е добиен одговор на 27 предмети од кои негативни се 4 предмети. Од негативните одговори утврдена е разлика во царинска вредност од 990.370 денари.

Исто така во 2001 година добиен е одговор на предмети испратени на проверка пред 2001 година и тоа вкупно 44 од кои негативни се 11. Од негативните одговори утврдена е разлика во царинска вредност од 9.605.068 денари.

### Едукација

Службата за царинска вредност ги следеше збиднувањата при Светската Царинска Организација со присуство на работната сесија на Техничкиот комитет за царинска вредност и обработка на донесените заклучоци.

### Акцизи

Во текот на 2001 година, се донесе новиот Закон за акцизи. Во неговата изработка како и во изработка на подзаконските прописи донесени кон него, Службата зема активно учество. Заради правилна примена и намалување на проблемите при увозно царинење кои би можеле да настанат со примена на новиот Закон за акцизи, од страна на Службата извршена е благовремена обука, пред датумот на стапување во сила на законот за акцизи, на царинските работници и тоа во сите царинарници во државата. Исто така благовремено, пред датумот на стапување на Законот за акцизи, изработено е Упатство за примена на новиот Закон за акцизи при царинскот работење.

### Данок на додадена вредност - ДДВ

Во текот на 2001 година, од страна на Службата, во делот на одложено плаќање на ДДВ, одговорено, односно обработени се вкупно 4417 поднесени барања за одложување на плаќањето на ДДВ. Овие барања се однесуваат за вкупно 31 увозна фирма од кои 17 увозни фирма за обезбедување на плаќањето на ДДВ користат општа банкарска гаранција, а 14 увозни фирми поединечна банкарска гаранција.

Поради ненавремено плаќање на обрски по основ на ДДВ активирани се две банкарски гаранци, за две различни фирми и тоа едната во вкупен износ од 19.742.008 денари, а втората за износ од 1.599.610 денари.

На сите спорни прашања од областа на даноците, поставени од царинските работници или од учесниците во царинската постапка, Службата има одговорено.

Службата изработи предлог на методологија и критериуми за работа на Службата за царинска вредност и даноци. Во него детално се обработени задачите и обрските на Службата за царинска вредност и даноци и начинот на нивното извршување.

## ПОТЕКЛОТО НА СТОКИТЕ - КЛУЧ ЗА УСПЕШНА ПРИМЕНА НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА

### Зајакнување на капацитетот службата и на вработените во Царинската Управа за спорведување на одредбите за потекло на стоките

Со напорите кои беа превземени во текот на 2001 година во поглед на екипирање на Службата, како кадровско така и материјално беа создадени предуслови за превземање на активности за зајакнување на капацитетот на службата и на вработените во Царинската Управа за спорведување на одредбите за потекло на стоките. Доследното применување на предвидените одредби од регулативата која се однесува на делот за договорите за слободна трговија, а во непосредна врска со царинското работење, беа основна насока на одвивањето на активностите на Службата за потекло и надворешно-трговски систем во 2001-та година. Тоа подразбира координирана примена на нашата законска регулатива, како и важечките меѓународни прописи во оваа област.

Службата изработи предлог на методологија и критериуми за работа на Службата за потекло на стоките. Во него детално се обработени задачите и обрските на Службата за царинска вредност и даноци и начинот на нивното извршување.

### Изработени упатства / инструкции / известувања

Од страна на Службата, во соработка со останатите одделенија и служби во Царинско правниот сектор, изработени се следниве упатства /инструкци/ известувања од областа на потеклото на стоките:

- Упатство - Дополнителна проверка на доказите за потекло издадени во странство;
- Упатство - Примена на Договори за слободна трговија Печати за заверка на Уверението за движење ЕУР.1 при извозно царинење на македонски стоки;
- Упатство - Примена на нов Протокол 3 како составен дел од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Словенија;
- Упатство - Одлука за изменување на одлуката за опеделување на квантитативните ограничувања во извозот и увозот наа стоки за 2001 год. согласно Спогодбата за трговија меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија;
- Известување во врска со Одлуката за определување на царински квоти за 2001 год. согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска ( тар. број 2106);
- Упатство - Примена на новите тарифни ознаки во барањата за користење на тарифни квоти при увоз на стоки од Бугарија;
- Увоз на арматурно железо со потекло од Бугарија;
- Известување за царинење на стоки согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција;
- Упатство - Постапка за издавање на уверение за движење ЕУР 1;
- Увоз на стоки од Европските заедници и извоз на стоки воЕвропските заедници согласно Времената спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европските Заедници;
- Упатство за начинот на издавање на уверението за движење ЕУР1 предвидено со Протокол 4 од Времената Спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европската Заедница;

- Утврдување на Потеклото на стоки согласно Времената Спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европската Заедница;
- Упатство - Прифаќањена Изјава во фактура како доказ за потекло;
- Мислење - Примена на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина;
- Упатство за увоз на стоки од Украина и извоз на стоки во Украина согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина.

**Едукација**

Поголеми активности службата имаше во подготвката за приемена на Времената Спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европските Заедници која започна да се применува од 01.06.2002. За таа цел беше издаден и Прирачник за царинење на стоки Македонија - Европска Заедница. Во изработката на овој прирачник претставници од службата земаа активно учество. Во рамките на активностите за примена на Времената Спогодба се одржаа неколку семинари за обука на царинските службеници и на заинтересираните субјекти од трговската заедница за оваа област во кој учество како предавачи земаа претставници од службата.

Службата за надворешно трговски систем и потекло на стоките ги следеше збиднувањата при Светската Царинска Организација во Техничкиот комитет за потекло на стоките и ги обработуваше донесените заклучоци. Службата исто така ги следи и измените и дополнувањата на прописите на Европската Унија од област на правилата за потекло.

**Евиденција на комуникација со странските царински органи**

Во текот на 2001 година, евиденцијата за комуникација со странските царински органи во врска со дополнителните проверки на доказите за потекло е внесена во електронска форма. На овој начин се овозможува поголема ажурност во работењето, прегледност на сите предмети и се дава можност да се создадат основи кои ќе водат кон развивање на база на податоци која ќе се користи при анализата на ризик од оваа област.

**Дополнителна проверка на доказите за потекло**

Во 2001 година испратени се на проверка до странски царински органи вкупно 130 предмети, добиен е одговор на 20 предмети од кои негативни се 3 предмети.

Исто така во 2001 година добиен е одговор на предмети испратени на проверка пред 2001 година и тоа вкупно 15 од кои негативни се 4. За негативните одговори иницирана постапка за дополнителна наплата на царинскиот долг.

Од страна на странските царински служби во 2001 година се добиени барања за дополнителна проверка на докази за потекло вкупно 97 предмети, од кои во соработка со царинските испостави се добиени одговори на 65 предмети од кои негативни се 7 предмети. Исто така во 2001 година е завршена дополнителнат проверка на предмети кои се пристигнати пред 2001 година и тоа вкупно 77 од кои негативни се 8.

За предметите за кои проверката потврдила дека се негативни е известен Секторот за контрола и истраги.

Состојбата на предметите за проверка на доказите за потекло изразена по земји е следна:

| | **примени** барања за проверка на потекло на стоки | **пратени** барања за проверка на потекло на стоки | **вкупно** барања за проверка на потекло на стоки |
|---|---|---|---|
| Хрватска | 3 | 9 | 12 |
| Бугарија | 3 | 64 | 68 |
| Италија | 38 | 4 | 42 |
| Југославија | 11 + 4 | 26 | 37 + 4 |
| Словенија | / | 17 | 17 |
| Холандија | 7 | 1 | 8 |
| Германија | 10 | 2 | 12 |
| Франција | 10 | 1 | 11 |
| Шпанија | 1 | / | 1 |
| Грција | 6 | 5 | 11 |
| Белгија | 3 | / | 3 |
| Данска | 1 | 1 | 2 |
| **Вкупно** | **97** | **130** | **228** |

### Домашно законодовство и меѓународини договори

Во текот на 2001 година, од страна на Службата одговорено е на прашањата на одделни земји членки на Светската Трговска Организација од областа на потеклото на стоките. Изработена е студија во однос на забелешките од страна на Светската Трговска Организација на текстот на законот и правилникот, со тоа што за некои членови е прифатена обврска да бидат изменети.

Заради обврските прифатени во преговорите за членство во Светската Трговска Организација, на крајот на 2001 година од страна на Службата изработен е предлог текст кој треба да го замени текстот на Царинскиот закон кој се однесува на потеклото на стоките кој во исто време е целосно услогласен со законодавството на Европската Унија. Предлог текстот е доставен до Министерството за финансии и се очекува негово усвојување во текот на 2002 година

Во текот на 2001 од страна на Службата е земано активно учестово во работата на мешовите комисии, поткомисии и работните групи за следење на договорите за слободна трговија која Република Македонија ги има склучено и тоа со Југославија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Турција и Европската Заедница. Во рамките на овие активности се работи и на постојаните измени и дополнувања овие договори, кои што пред се се однесуваат на измена и дополнување на протоколите за потекло на стоките, со цел истите да се услогласат со консолидираните правила за потекло кои се употребуваат во земјите на пан-европска кумулација на потекло. Истотака беше земано учество во преговорите за потпишување на договори за слободна трговија со ЕФТА и Украина кои се веќе завршени, како и со Албанија и Босна и Херцеговина кои се во тек.

## КОНТРОЛА И ИСТРАГИ - ИНТЕГРИТЕТ НА ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА

Во текот на 2001 година во Секторот за контрола и истраги се изврши промена на организационата структура, со цел истиот да стане поефикасен и поспособен за откривање, превенција и истрага на царински прекршоци и инкриминирани дела, а во исто време да биде доволно флексибилен за да реагира на секаков вид на разузнавачка стратегија, согласно со методите на проценка на ризични ситуации, а се со цел обезбедување на правилна наплата на приходите и заштита на општеството.

За таа цел Секторот за контрола и истраги е поделен на две одделенија и тоа:

- Одделение за контрола и ревизија
- Одделение за истраги во рамките на кое постојат четири оперативни служби:

  - ► Служба за истраги;
  - ► Служба за разурзнавање;
  - ► Служба за анализа и ризик  и
  - ► Мобилна служба

кои се во фаза на комплетно екипирање, меѓутоа сите заедно активно и координирано работат на полето на сузбивање на недозволена трговија со дрога и наркотични средства, оружје и друг вид на опасна и забранета стока; откривање на криумчарена стока која подлежи на високи давачки и акцизи, прелевманска стока и друг вид на криумчарена стока како и сузбивање на најсуфистицирани видови на криминал- перење пари, организиран криминал и корупција.

Преку проектот на Светската банка ТТФСЕ предвидено е Секторот за контрола и истраги да се опреми со најсовремена техничка опрема за превенција и детекција, како и обука на кадарот, со цел истиот да биде во состојба да се справи со најсовремените форми на криминал.

Службата за разузнавање преку своите активности работи на прибирање на информации и ја потпомага активноста на другите служби во Секторот. Службата за истраги работи на откривање на прекршоци и кривични дела, а Мобилната служба врши гранична и длабинска контрола. Во рамките на Мобилната служба работат и царински инспектори кои со помош на царински кучиња специјално обучени за откривање на дрога, успешно работат на полето на сузбивање на недозволена трговија со дрога и наркотични средства.

Финансискиот аспект на реализираните активности на полето на превентивната и дополнителната контрола на документи и стоки во царинските испостави и фирми, откривање на криумчарена стока, царински-девизни прекршоци како и кривични дела е прикажан со  следните показатели:

**Контрола и истраги**

| Изработени предмети | 2001 |
|---|---|
| Предмети за кривично дело | 6 |
| Записници за царински прекршок | 45 |
| Изјави за одземена стока во корист на Република Македонија | 98 |
| Барање за проверка на веродостојност на царински документи | 108 |
| **Детална Контрола** | **2679** |
| Камиони | 804 |
| Автобуси | 470 |
| Патнички возила | 1350 |
| Авиони | 55 |

**Ревизија**

| Активности | 2001 |
|---|---|
| 1. Записници за царински прекршок | 70 |
| 2. Проверка на документи поднесени | |

| | |
|---|---|
| во царинската постапка | 2650 |
| 3. Извршени контроли | 130 |
| 4. Предлог за дополнителна пресметкаа на царинските давачки (број) | 640 |
| 5. Вкупно | 3490 |
| **6. Предлог за дополнителна пресметка на царинските давачки (вредност во денари)** | **214.494.289** |

## ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН - КОН СОВРЕМЕНО ЕВРОПСКО ЗАКОНОДАВСТВО

Во текот на 2001 година Одделението за царинско-правни, прекршочни, кривични и работи на застапување пред другите државни органи работеше на изготвување на повеќе одобренија за отворање на царински складишта, анализи за состојбата со привремен увоз на стоки врз основа на која се превземаат активности за отстранување на недостатоците и пропустите во постапката на привремен увоз на стоки.

Во функции на реформата на платниот промет, во делот кој се однесува на царината изменета е Уредбата за обезбедување на плаќање на царинскиот долг. Заради примена на Законот за измени и дополнувања на Законот за акцизи, изготвена е Наредба која се однесува на привремениот увоз на патнички возила, а исто така изготвено е и упатство за примена на Законот за измени и дополнувања на Законот за надворешно-трговско работење, во поглед на изменетите услови за увоз на патнички автомобили. Извршени се согледувања на работата на Царинарниците со цел за предлагање на мерки за еднообразност во царинската постапка кај сите царински органи.

Сепак, најзастапена активност на Одделението во текот на 2001 година беше давањето на стручна помош на царинските органи во поглед на спроведувањето на царинската постапка.

Во текот на 2002 година во план се повеќе активности од кои би се издвоиле како најзначајна учество во изготвувањето на предлог закон за измена на Царинскиот закон, која како обврска е превзема согласно со Времената спогодба помеѓу Република Македонија и Европската Унија за апроксимација на царинското законодавство.

Во текот на 2001 година застапувани се 27 парници во кои Царинската управа е тужена за надомест на штета, 6 парници во кои Царинската управа е тужител за утврдување на побарување во стечајни постапки, како и застапување во 15 работни спорови.

Царинската управа и сите Царинарници до основните судови во 2001 година имаат поднесено 400 барања за поведување на прекршочни постапка за царински и девизни прекршоци. Царинската управа има поднесено 60 жалби на првостепени пресуди по овие прекршоци.

Како претставници на Царинската управа, во кривичните постапки пред основните судови дадени се искази по 35 предмети.

## ИНФОРМАЦИОНАТА ТЕХНОЛОГИЈА - ПРЕДИЗВИК ЗА УСПЕШНО ЦАРИНСКО РАБОТЕЊЕ

- Во јануари 2001 година е направен проект план со кој би се овозможило префрлување на постојаните комуникации од МАКПАК мрежата на комуникациската мрежа на МВР бидејќи истата не ги задоволуваше потребите на МАКЦИС. Во првото тромесечие беше успешно завршен

процесот на поврзување на 8 локации: Блаце, Аеродром Охрид, Меџитлија, Ново Село, Богородица, Аеродром Петровец, Деве Баир со МАКЦИС преку комуникациската инфраструктура на МВР;

- Беа воведени годишните промени што ги опфаќаат сите временски променливи во царинскиот информативен систем, пред се тарифните промени кои се однесуваа на воведување на нови колони во тарифата согласно меѓународните договори (Европска Унија, Украина) како и соодветните ажурирања;
- Промените во врска со тарифата пред се се однесуваа на комплексниот договор со земјите од Европската Унија со критичен период 01.06.2001, како и настанатите промени во врска со привремениот договор со ЕУ;
- Во текот на месец мај се помина на новата верзија на Асикуда така да се извршија и соодветните функционални промени, преводи на екрани и стрингови, соодветните конверзии , изготвени се дополнителните упатства и извештаи околу промените во начинот на работење;
- Функционалните промени се однесуваа околу промената во водењето на историјатот на ЕЦД-то, поставување на нови параметри во конфигурацијата, поставување на параметри кои се поврзани со платформата за постојана комуникација меѓу серверите, промени во дефиницијата на селективноста, поделба на работењето на подносителите на транзитно и изготвување декларација, почетно работење со единствениот царински модул;
- По барање на Секторот за царинско правни работи се изготви соодветна платформа за единствено водење на правилното тарифирање и вредноста во МАКЦИС. Во врска со истото инсталиран е сервер кој ќе ги обработува податоците и изготвени се потребните упатства. Податоците можат да се користат за целосно информирање на вработените, а со горенаведената цел;
- Изготвена е и платформата за префрлување на податоците до крајните корисници, како и подготвителен период за искористување на податоците како дел од системот на Селективноста;
- Како владин контролен орган во системот МАКЦИС беше вклучена и Управата за јавни приходи. Беше инсталиран сервер на кој е овозможен далечински пристап до документи и извештаи од страна на инспекциските служби. За успешно користење на нашиот систем се изврши соодветна обука, се изготвија задолжителни упатства и извештаи;
- Дефиниран е начинот на работење со Селективноста и истиот е предложен до работните групи формирани од Царинската Управа на Република Македонија. Поставена е тестна околина, изнајдени се соодветните параметри на селективноста, изготвени се соодветните упатства;
- Во подготовка беше промената на начинот на работа во однос на магацинското работење, изготвени се соодветни упатства и извештаи;
- Потполно се дефинира транзитирањето на стоките во смисла на национален и интернационален транзит, со подготовка на системот, влегување во системот на електронска обработка на неколку гранични Царински испостави, се иницираа промени во законската регулатива кои не беа во согласност со Европската царинска регулатива, се иницира единствено затворање на транзитот, се изврши соодветна обука , се изготвија задолжителните упатства и извештаи со кои се покрива работењето во граничните испостави;
- Согласно основниот договор меѓу Република Македонија и силите на НАТО/КФОР и соодветното упатство за работа се дефинира постапката за електронска обработка на царинските документи кои се однесуваат на НАТО/КФОР силите, се изврши соодветна обука , се изготвија упатства и извештаи;
- Се изготвија функционални упатства за евентуално отпочнување со работа со платформата за постојана комуникација меѓу серверите;
- Се иницираа промени во обработката на податоците при ставањето на стоките на увид во Царинските испостави, се изврши соодветна обука, се

изготвија упатства и ревидираа постоечките извештаи за магацинското работење;

- Од посебен интерес беше функционалното заокружување на електронската обработка на стоките кои се поврзани со железнички транспорт. Се изготвија предлог упатства и решенија кои беа дадени на разгледување во Царинските испостави кои го опфаќаат железничкиот транспорт како и во надлежните сектори во Царинската управа. Врз основа на согледувањата беше изготвено финално упатство како и објаснување на истото;
- Паралелно со одделението за меѓународна соработка се работеше на припрема на проектите за изградба на компјутерска мрежа и набавка на компјутерска комуникациска опрема во рамки на ТТФСЕ проектот. Во истиот дел од проектот се работеше на проект за набавки на сервери и работни станици;
- Во рамки на истиот проект беше извршена концентрирана обука на ASYCUDA тренери (обучувачи) со цел подиректно пренесување на знаењата до крајните корисници во Ц.И. Вработените во секторот посетуваа и обука за одржување на компјутерски мрежи, администрирање на INFORMIX база, Web design и Case tools;
- Службите во Царината се опремија со 300 нови современи работни станици. Истите се вклучија во МАКЦИС и дел од нив на Интернет. При тоа беа заменети 150 стари работни станици и заменети 15 стари сервери со нови посовремени;
- Направен е пилот портал (web strana) на Царинската Управа (www.customs.gov.mk) и истата е во функција од декември 2001 година;
- Согласно изготвувањето на Царинската интернет страница, беа изготвени 40-тина документи во PDF-формат со цел преставување на МАКЦИС на посетителите;
- Започна обуката на вработените од Ревизија и Контрола и истраги за побрз пристап до податоци со употреба на дефинирани извештаи и користење на SQL прозорец.
- Во континуитет се вршеа консултации со Царинските испостави, како и со останатите субјекти, учесници во МАКЦИС.

## МЕЃУНАРОДНА ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

Минатата година ја одбележа потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу нашата Влада и Европската Унија. Почна примената на Времената спогодба за трговија и трговски прашања, особено во делот на Протоколот 5 што ја опфаќа царинската проблематика. Во соработка со Европската комисија се утврдија приоритетите за програмата КАРДС 2002-2004.

Учествуваме во работата и активностите организирани од страна на Светската Царинска Организација, РИЛО и СЕКИ. Иницирана е активна соработка со ИНТЕРПОЛ. Оваа година заврши програмата на UNDCP-PHARE за борба против дрогата во Југо-Источна Европа во која нашата Царинска управа активно учествуваше

Се водеа финални преговори со Царинската управа на Република Полска за потпишување на Спогодба за взаемна царинска соработка, но Спогодбата се уште не е потпишана заради спор околу името на Република Македонија. Иницирани се преговори за потпишување на Спогодби за взаемна царинска соработка со Царинските управи на Република Чешка, Република Словачка и Кралството на Велика Британија.

Особено мора да се истакне нашето учество во преговорите за членство на Република Македонија во Светската Трговска Организација. Активно се учествуваше во работата на подкомисиите за трговија, кои работеа на измените на некои Договори за слободна трговија.